**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**

# УПАТСТВО

**за реализација на Мерка 5:Поттикнување на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс**

**од**

**Програмата за поддршка на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година**

**Септември 2024 година**

Врз основа на член 55, од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19, 154/19, 121/2024) Министерот за економија и труд го донесе следното:

# УПАТСТВО

**за реализација на Мерка 5: Поттикнување на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен[1] хеликс од Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2024 година[2]**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со Упатството за реализација на Мерка 5: Поттикнување на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс (во натамошниот текст: Упатството),се пропишуваат процедурите за подготовка и реализација на Мерка 5: Поттикнување на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс (во натамошниот текст: Мерка 5) од Програмата за поддршка на конкурентност на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2024 година(во натамошниот текст: Програмата).

Упатството е изработено со цел да се уредат чекорите за подготовка и реализација на Мерка 5, што вклучува: постапката за доделување средства, можни начини за финансирање на мерката, содржината на Јавниот повик за доделување на средства, начинот на промоција, начинот за доделување на средства, начинот на евалуација на поднесените пријави, начинот на следење на процесот на имплементација, известување, мониторинг и евалуација, како и други процедури поврзани со доделување на средства согласно оваа мерка.

Упатството ги следи ИСО стандардите.

**Дефиниции**

Во Упатството се употребуваат дефиниции и појаснувања со следното значење:

---

[1]Четворниот хеликс го сочинуваат претставници од јавни институции, индустрија, високо-образовни и научни институции и граѓани.

[2]https://www.economy.gov.mk/mk-MK/news/programa-za-poddrska-na-konkurentnosta-na-prerabotuvackata-industrija-i-opstestvena-odgovornost-za-2024-godina.nspx

„Апликација“ ја подразбира целокупната документација која партнерите на проектот ја поднесуваат на Јавниот повик вклучувајќи ги и пополнетиот образец „Проектна апликација и пополнетиот образец „Буџет на проектот“.

„Водечки парнер“ е правно лице кое ги претставува партнерите на проектот (партнерството) и кое како такво има обврска да го поднесе предлог-проектот, а доколку партнерството добие одлука за кофинансирање, да склучи договор со МЕТ, да го координира спроведувањето на проекот, да поднесе детален извештај за реализација на проектот и да ги извршува сите останати обврски во согласност со потпишаниот Договор за кофинансирање со МЕТ.

„Договор за кофинансирање“ значи договор помеѓу МЕТ и Водечкиот партнер како претставник на партнерството, за доделување на финансиски средства во согласност со Програмата, Јавниот повик за Мерка 5 и процедурите утврдени со Упатството.

„Комисија за оценување“ значи комисија формирана од страна на Министерот за економија и труд, во согласност со Упатството и важечките закони и подзаконски акти.

„МЕТ“ е Министерство за економија и труд на Република Северна Македонија.

„МОН“ е Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

„Партнери на проектот“ се правни лица односно организации кои врз основа на склучен Договор за партнерство, аплицираат со заеднички предлог-проект на отворениот Јавен повик за кофинансирањена проекти во согласност со Програмата и Мерка 5.

„Предлог-проект“ значи писмен документ во кој е опишан предложениот проект и неговата цел, резултатите, како и сите активности потребни за да се заврши проектот, вклучувајќи го планот на активности и буџетот.

„Проект“ е работна активност која има определена цел и означува редослед на активности кои мора да бидат завршени во однапред утврден рок за да се постигне определен резултат.

„Резултати од проектот“ се материјални и/или нематеријални нешта, информации, извештаи, производи кои се резултат на развоен процес или други знаења (know-how)кои произлегле од спроведувањето на проектните активности.

„Претселекција“ е фаза на оценување која се спроведува од страна на Комисијата за оценување чии членови имаат обврска да ги разгледаат предлог-проектите кои ја поминале фазата на административна проверка и за истите да достават оценки и стручно мислење.

„Селекција“ е фаза на оценување која се спроведува од страна на Комисијата за оценување чии членови преку гласање за предлог-проектите кои ја поминале фазата на претселекција донесуваат конечна одлука за кофинансирање.

**Цел и опис на Мерка 5**

Мерка 5 се реализира во согласност со Стратегијата за паметна специјализација 2024-2027 и Акцискиот план 2024-2025, Индустриската стратегија 2018-2027, Реформската агенда и Патоказот за циркуларна економија, а преку Програмата за конкурентност на преработувачка индустрија и општествена одговорност, каде се предвидува мерка за поттикнување и поддршка на проекти за воспоставување дијалог и долгорочна соработка меѓу деловни субјекти, високо образовни установи, јавни институции, граѓански здруженија и граѓани, а кои се засноваат на истражување, развој и иновации за паметна специјализација.

Фокус е соработка академија - бизнис и зајакнување на институционалната инфраструктура за истражување и развој во согласност со потребите на бизнис секторот и во насока на имплементација на концептот за паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација.

**Целта** на Мерка 5 е да поттикне развој на култура на соработка помеѓу академија, бизнис и други чинители од четворниот хеликс, преку создавање партнерства за пренос на знаење, соработка, истражување, развој, иновации за паметна специјализација, што води кон поголема конкурентност, развој на секторот, развој на иновативен, нов или подобрен производ, процес, и/или услуга, комерцијализација на резултатите од истражувања спроведени во рамки на високообразовните односно научно-истражувачките установи, интернационализација и сл.

**Предмет** на Мерка 5 е кофинансирање на дел од трошоците за нови иницијативи за истражувачки и развојни проекти поврзани со специјализација, зелена и дигитална трансформација во преработувачката индустрија. Преку оваа поддршка се охрабрува развивање и/или воведување на иновативни, нови или подобрени еколошки и дигитални производи, иновативни, нови или подобрени процеси и бизнис модели, пренос на знаење, градење на капацитетите на менаџментот и вработените за примена на нови технологии како и вклучување на млади истражувачи во проектите.

Подобни за финансирање се предлог-проекти од областите кои се дефинирани во Стратегијата за паметна специјализација и тоа:

- Паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност
- ИКТ
- Паметни згради и одржливи материјали
- Индустрија 4.0
- Туризам
- Енергија за иднината

**Постапка за спроведување на Мерка 5**

Спроведувањето на Мерка 5, согласно Упатството,се одвива преку следните чекори:

- Подготовка на Јавен повик и формулари за аплицирање (вклучително образец за Проектна апликација и образец за Буџет на проектот);
- Објава на Јавен повик;
- Административна проверка на пристигнатите апликации,;
- Формирање Комисија за оценување;
- Евалуација на проекти и донесување на одлуки за кофинансирање на колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во областа на преработувачката индустрија;
- Склучување на договори за кофинансирање;
- Исплата на доделените финансиски средства,
- Следење на спроведувањето на проектите и оценување на постигнатите резултати.

## 2. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И СОРАБОТКА

### Општи критериуми за финансирање

За реализација на Мерка 5 се обезбедуваат средства од Буџетот на РСМ преку Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија и општествена одговорност за 2024 година.

Вкупниот буџет за кофинансирање на проекти во рамки на Мерка 5 е определен со Програмата и Јавниот повик за доделување на средства за Поттикнување на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс (во натамошниот текст: Јавниот повик). Јавниот повик се објавува на веб страницита на Министерство за економија и труд.

Со кофинансирање на предлог-проекти во рамки на Мерка 5, се надоместува дел од трошоците за имплементација на предлог-проекти од областа на паметна специјализација во висина од **максимум 50% и најмногу до 3.000.000,00 денари за секој поединечен одобрен предлог-проект**. Преостанатиот дел од средствата треба да биде обезбедени од страна на партнерите на проектот.

.

Целокупниот износ на кофинансирање од страна на МЕТ ќе биде обезбеден веднаш по склучувањето на договорот на Водечкиот партнер со МЕТ. Износот на сопственото кофинансирање (минимум 50% од вкупниот буџет), партнерите ќе треба да го образложат во кварталните извештаи, на крајот на секое тромесечие од спроведувањето на проектот, како и во рамки на Завршниот извештај на проектот.
Целокупното спроведување на проектот, уплатата и исплатата на средства за извршување на проектните активности се одвива преку **наменска сметка** отворена за потребите на проектот кај Водечкиот партнер.

За успешна реализација на секоја активност што е наведена во извештаите, треба да има покритие, односно да има доказ за реализација на активноста и извршеното плаќање. Како

докази се сметаат: фактури, пропратени со склучени договори, извод од банкарски трансакции, извештаи и сл. Во случаите каде, зависно од активноста,горенаведените покритија не се доволни, може да бидат побарани и други доказни средства.

Доделувањето на финансиски средства од страна на МЕТ, за Мерка 5 од Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија, согласно Решение од КЗК бр.10-38 од 26.02.2024 година, претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државна помош, која како хоризонтална помош во смисла на член 4 став (1) точка (1) ја доделува МЕТ, при што доделувањето на истата е дозволено како помош за истражувачки и развојни проекти, согласно член 8 став (2) од Законот за контрола на државна помош и член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош (Службен весник на Република Македонија бр. 03/14).

**Соработка на МЕТ со други институции, здруженија на граѓани и/или донатори**

МЕТ може Мерка 5 да ја реализира во соработка и со здружување на средства од други државни институции или донаторски проекти. Исто така, може да се соработува и со техничка помош обезбедена од други институции и/или донатори, а со цел за обезбедување на поголем успех на мерката и поголема поддршка на развојни проекти, базирани на соработка на академијата и бизнисот.

Во случај на учество на некои од горенаведените организации во реализацијата на Мерка 5, потребно е истите да потпишат Договор за соработка со МЕТ во кој ќе биде дефиниран начинот односно условите и критериумите за соработка и заедничките активности.

Во случај на воспоставување на соработка со друга институција, и/или донатор, истите ќе бидат обврзани целосно да ги почитуваат законските прописи, подзаконските акти, одредбите на Упатството и Јавниот повик, како и сите останати прописи кои се поврзани со спроведувањето на Мерка 5.

Во случај на кофинансирање од страна на други институции, и/или донатори, начинот на исплата на средствата кои ќе дојдат од нивна страна како и начините на менторирање ќе бидат уредени во договорот на Водечкиот партнер со МЕТ и/или во посебни договори меѓу Водечкиот партнер и други институции.

Средствата добиени од МЕТ по било кој друг основ или било која друга форма на државна помош не се прифатливи како сопствено кофинансирање од страна на партнерите на проектот.

## 3. ПАРТНЕРСТВО И ПРОЕКТЕН ТИМ

**Општо за партнерите на проектот односно партнерството помеѓу претставници од четворниот хеликс**

Предмет на финансиска поддршка согласно Јавниот повик се форми на партнерство кои имаат претходно склучен **Договор за партнерство**. Партнерствата треба да вклучуваат организации-претставници од четворниот хеликс.

Критериумите за тоа кој може да се јави како Водечки партнер се уредуваат со Јавниот повик. Договорот за кофинансирање МЕТ го склучува со Водечкиот патнер, во согласност со важечките закони и условите утврдени со Програмата, Јавниот повик за Мерка 5 и Упатството. Доколку во текот на реализација на проектот, заради остварување на целите има потреба од дополнувања и појаснувања на меѓусебните права и обврски меѓу партнерите на проектот, препорачливо е да се подготви **анекс на договорот за партнерство,** за што треба да биде информирано МЕТ.

Доколку во текот на спроведувањето на проектот дојде до откажување на некој од партнерите, Водечкиот партнер за тоа треба да го извести МЕТ во најкус можен рок. Водечкиот партнер треба да предложи план за надминување на последиците од ваквата промена. Во таков случај, Водечкиот партнер и/или некој од останатите партнери има можност да ги преземе обврските од партнерот кој се откажал во текот на спроведувањето, но само доколку докаже дека таквата промена нема да предизвика промени во целите односно дека нема да има последици врз резултатите од проектот. За промената во структурата на партнерството треба да се потпише анекс на договорот за партнерство, и навремено да биде информирано МЕТ.

Едно партнерство може да поднесе само една апликација.

**Проектен тим**

За успешно спроведување на проектот, партнерите на проектот составуваат проектен тим, а како водач на тимот е претставник од Водечкиот партнер.

Бројот на членови и квалификациите на членовите на проектниот тим подетално се уредуваат во Јавниот повик.

Во случај на промена на членовите на тимот кои се предложени во предлог-проектот, треба да се информира МЕТ со допис во кој ќе бидат наведени и образложени причините за промената. Водечкиот партнер треба да приложи доказ дека квалификациите на предложениот нов член на тимот не се под нивото на претходно ангажираното лице, согласно насоките во Јавниот повик и дека новиот член има исто или повисоко ниво на квалитет, образование и искуство како членот на тимот кој се менува. МЕТ треба да ја одобри оваа промена.

Партнерите на проектот имаат обврска во проектниот тим да вклучат и најмалку двајца млади истражувачи, односно докторанти, постдипломци во областа и/или студенти од последна година на додипломски студии од научна област, релевантна за темата на предлог-проектот.

## 4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Спроведувањето на предлог-проектот за кој се доделени финансиски средства преку Мерка 5 може да биде до 9 (девет) месеци.

Водечкиот партнер врз основа на оправдани причини, може да бара продолжување на времетраењето на проектот со поднесување на образложено писмено барање во кое ќе бидат наведени причините за продолжување. Барањето се поднесува најмалку 30 дена пред истекот на времетраењето на проектот.

Врз основа на поднесеното барање МЕТ може да одобри продолжување на спроведувањето на проектот најмногу до 2 (два) месеци. Во случај да се донесе одлука за продолжување на времетраењето на проектот, продолжувањето на времетраењето ќе започне од денот на донесување на одлуката за продолжување.

Во периодот од истекот на времетраењето на проектот до денот на донесување на одлуката за продолжување од страна на Министерството за економија, нема да се признаваат никакви трошоци и активности, а партнерите на проектот се должни да се воздржат од правење на било какви трошоци и преземање на активности или самите да ги сносат така направените трошоци.

Во случај на продолжување на времетраењето на спроведувањето на проектот, износот на доделените средства не може да биде зголемен.

## 5. АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ

**Прифатливи активности за финансирање:**

Прифатливи активности за финансирање во рамки на Мерка 5 се следниве:

- истражување и развој;
- развој на пилот линии/производ/и или услуга/и;
- тестирање и валидација на нови и/или унапредени производи/услуги/процеси;
- заштита на интелектуална сопственост;
- дизајн;
- развој на вештини и обуки;
- дисеминација на искуството од проектот на трети страни;
- поттикнување континуиран дијалог академија и бизнис;
- активности за одржливост на проектот и
- други активности поврзани со целите на проектот.

Листата на активности не е исцрпна.

Очекуваните резултати од спроведувањето на проектот се уредуваат со Јавниот повик.

**Општо за трошоците за реализација на проектот**

Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот ќе се сметаат за подобни трошоци.

Трошоците предвидени во образецот „Буџет на проектот", треба да соодветствуваат со активностите предвидени во образецот „Проектна апликација".

Видот и висината на оперативните трошоци се утврдени во образецот „Буџет на проектот", и тие вклучуваат наем на простор, режиски трошоци, банкарски провизии (вкупниот износ на средства во ставката оперативни трошоци не може да надмине 10% од вкупниот буџет на проект).

Доколку во текот на спроведувањето на проектот се појават **дополнителни трошоци** кои не се предвидени во проектната апликација, а се неопходни за неговата реализација при што износот кој е потребен за реализација на активноста е поголем од предвидениот во проектната апликација и буџетот на проектот, овој износ ќе треба да биде покриен од страна на Водечкиот партнер и/или партнерите на проектот, во согласност со Договорот за партнерство.

Финансиските средства кои по завршувањето на проектот ќе останат на сметка на проектот како неискористени, или ако од наменската сметка постојат средства кои се исплатени, а за кои нема потврда и доказ дека се наменски искористени согласно предвидените активности во проектната апликација и буџетот на проектот, ќе треба да се вратат на сметката на МЕТ.

**Прифатливи трошоци за реализација на проектот:**

Директни трошоци поврзани со реализација на проектот:

- Бруто плати за вработените лица кај Водечкиот партнер односно партнерите на проектот кои се ангажирани лица во проектниот тим (износите на бруто плати на вработените-ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на партнерите пред почеток на проектот). Овие трошоци се признаваат како сопствено учество на партнерите во проектот.
- Набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- Услуги од експерти/советници/консултанти/поддоговори (за истражување, развој, тестирање, бизнис развој, обуки и сл.) трошоци поврзани за ангажман на надворешни лица (физички и/или правни лица) за услуги за истражување и развој, тестирање, бизнис развој, обуки и слично;
- Други оперативни трошоци директно поврзани со реализација на проектот;
- Набавка на литература, развој и набавка на ИКТ решенија.
- Изработка на Студија на реализираниот проект (Case Study) за промоција на резултатите.

Листата на подобни трошоци не е исцрпна.

**Трошоци неприфатливи за финансирање**

- Трошоци за плати на вработени кај проектен партнер кои се веќе покриени од буџетски средства;
- Трошоци за набавка на добра, услуги и работи од домашни јавни претпријатија, освен режиски трошоци;

- Додатоци на плата во вид на регрес за годишен одмор, тринаесетта плата, работна успешност и слично;
- Трошоци за камата или долг на друга страна;
- Расходи и резервирања за минати и можни идни загуби или долгови;
- Покривање на загуби поради размена на валута, такси и казни;
- Трошоци за храна и угостителство;
- Трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани со селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба;
- Купување на земја или згради, вклучително и реновирање.
- Готовински исплати за потребите на проектот;
- Извозни активности (трошоци директно поврзани со извоз на производи, со основање и работење на мрежа на дистрибуција и слично)
- Годишни такси за одржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи преценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите).
- Трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сопственик/иците на партнерите на проектот како и овластените лица на партнерите на проектот (управител/директор);
- Трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на лица кои се вработени кај Водечкиот партнер;
- Наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е поврзано лице со корисник;
- Набавка на товарни и патнички возила транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок;
- Трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори;
- Данок на додадена вредност (ДДВ), во случај кога избраниот субјект има право на поврат на ДДВ.

## 6. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Финансиските средства по Мерка 5 се доделуваат на компетитивна основа по објавен Јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk, по одбрување од страна на Министерот за економија и труд.

Рокот за поднесување на предлог проектите ќе биде одреден во јавниот повик од страна на МЕТ и истиот може да биде продолжен поради оправдани околности.

Јавниот повик задолжително ги содржи следниве информации:

- податоци за органот кој го распишува повикот;
- опис на Мерка 5, вклучувајќи ги критериумите за подобност на партнерите на проектот, кој може да се јави како Водечки партнер, активностите како и трошоците кои се прифатливи и трошоци кои не се прифатливи за финансирање;
- опис на очекуваните резултати;
- датум на објава на Јавниот повик;
- начин на поднесување на предлог проектот и придружната документација;

- критериумите за оценка на проектите;
- краен рок за поднесување на предлог проектот;
- вкупниот буџет за повикот;
- контакт информации и
- други податоци потребни за реализација на Јавниот повик.

При аплицирање за добивање на финансиски средства преку Мерка 5 задолжително треба да се доставаат следниве документи:

- уредно пополнет образец „Проектна апликација“;
- уредно пополнет образец „Буџет на проектот“;
- кратки биографии на лицата кои го сочинуваат проектниот тим ангажиран во проектот (најмногу за 5 (пет) лица)и
- останати документи подетално утврдени со Јавниот повик.

Недоставувањето на пополнет образец „Проектна апликација“ и пополнет образец „Буџет на проектот “ ќе биде причина за одбивање на апликацијата во фазата на административна проверка, без давање на можност за повторно доставување на истата.

Проектната апликација, буџетот на проектот, биографиите како и сите останати документи треба да бидат доставени на македонски јазик. Апликациите задолжително се доставуваат на обрасци изготвени од страна на МЕТ кои се објавени на веб-страната на МЕТ и се составен дел на Јавниот повик.

Во случај проектот да се заснова на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, Водечкиот партнер е должен заедно со проектната документација да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договор за непаричен придонес или друг вид на договор кој потврдува дека Водечкиот партнер или друг партнер на проектот има право на користење на интелектуалната сопственост на која се засноваат резултатите од проектот.

Во случај партнерите на проектот да бидат избрани за кофинансирање преку Мерка 5, пред донесување на конечна Одлука за кофинансирање и/или пред потпишување на Договорот за финансирање, Водечкиот партнер треба да ги поднесе до МЕТ и следните документи :

- договори за соработка со партнерите на проектот, заверен на нотар,
- информација за отворена наменска сметка за проектот и
- дополнителна документација со која се докажува исполнување на условите за подобност на апликантот.

Водечкиот партнер треба да ги обезбеди дополнителните документи во рок до 5 (пет) работни дена, од денот на добиеното известување од страна на МЕТ.

## 7. ЕВАЛУАЦИЈА

**Критериуми за евалуација и чекори за донесување на одлука за кофинансирање**

Основните критериуми за евалуација на проекти и доделување средства под Мерка 5 се дадени во Табела за евалуација која е дел од Јавниот повик.

Предлог-проектите се разгледуваат во 4 (четири) чекори:

1. Административна проверка;
2. Предселекција
3. Селекција и
4. Донесување на одлука за кофинансирање.

Сите предлог-проекти кои се доставени на Јавниот повик ги разгледуваат членовите на Комисијата за административна проверка. **Комисијата за административна проверка** ја сочинуваат вработени на МЕТ, кои ги назначува Министерот за економија и труд. Во фазата на административна проверка се разгледува дали документите со кои се аплицира се доставени навремено и во согласност со условите наведени во Јавниот повик.

Во случај на доставена некомплетна документација, , Водечкиот партнер има право да ја надополни истата во рок определен од страна на МЕТ. Доколку партнерите на проектот не ја доставиле бараната документација во согласност со условите определени во Јавниот повик истата се смета за некомплетна.

Комисијата за административна проверка треба да има најмалку 3 членови, од МЕТ.

За својата работа Комисијата за административна проверка составува записник.

По завршувањето на административната проверка, комплетираната документација се доставува до членовите на Комисијата за оценување.

**Комисија за оценување**

Оценувањето на предлог-проектите, изборот и одлуката за кофинансирањена проекти е во надлежност на Комисијата за оценување.

Комисијата за оценување се состои од најмалку 5 (пет) члена од кои:

- 2 (два) члена претставници на МЕТ;
- 1 (еден) член е претставник на МОН и
- Најмалку 2 (двајца) членови се експерти од областите на Паметна специјализација опфатени со Јавниот повик. Бројот на експерти зависи од областите од кои се добиени апликации.

Доколку МЕТ склучи Меморандуми за соработка со организации кои учествуваат во спроведувањето на Јавниот повик со финансиски средства и/или техничка помош, тогаш тие организации имаат право да назначат по 1 (еден) свој претставник за член во Комисијата за оценување.

Одлуката за формирање на Комисијата за оценување ја потпишува Министерот на МЕТ.

**Начин на оценување**

Комисијата за оценување ги оценува предлог-проектите во две фази: предселекција и селекција.

Оценувањето се врши во согласност со критериумите утврдени во Јавниот повик.

На својот прв состанок Комисијата за оценување донесува Деловодник за работа во кој, во согласност со Упатството, подетално ќе го уреди своето работење. На првиот состанок Комисијата избира Претседател кој понатаму ги координира работите на Комисијата за оценување. Првиот состанок на Комисијата за оценување го свикува членот кој е претставник на МЕТ.

Секој предлог проект кој ќе добие најмалку 51% од вкупниот број бодови во фазата на предселекција поминува во фазата на селекција. Во фазата на предселекција се составува Ранг-листа која се доставува до членовите на Комисијата за оценување.

Во фазата на селекција, Комисијата за оценување може да одлучи некои или сите предселектирани партнерства да направат кратка презентација (pitching) и да ги презентираат своите проекти пред Комисијата за оценување. Презентацијата на проектите може да биде со физичко присуство или во форма на видео презентација. Одлуката за формата на презентирање ја донесува Комисијата за оценување.

Комисијата за оценување составува записници од двете фази на одлучување: претселекција и селекција.

Конечната одлука за избор на проекти кои ќе бидат кофинансирани се донесува на посебен состанок на Комисијата за оценување (состанок за селекција) и тоа со повторно бодирање по критериумите. Конечниот избор се прави со изведување на просек од бодирањето на секој од членовите на Комисијата за оценување во фазите на предселекција и селекција. Доколку во конечната ранг листа има проекти со ист број бодови, предност има повисоко рангираниот проект од фазата на претселекција.

При донесувањето на конечната одлука за кофинансирање ќе се земе во предвид и износот на расположливи средства во рамки на Јавниот повик.

МЕТ го задржува правото да преговара со партнерите на проектот по однос на дефинирање на активностите и буџетот на проектот на основа на препораки добиени од Комисијата за оценување, а пред потпишување на Договорот за кофинансирање.

МЕТ го задржува правото да не додели средства доколу нема доволно квалитетни проекти или ако не се исполнети условите за доделување на средства согласно Упатството и одредбите од Јавниот повик.

Роковите за аплицирање и донесувањето на одлуката за кофинансирање ќе бидат дефинирани во рамки на Јавниот повик.

МЕТ го задржува правото за измена на овие рокови.

## 8. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Водечкиот партнер има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно, во согласност со законите, подзаконските акти на Република Северна Македонија и добрите практики. При имплементацијата на проектот потребно е да се следат одредбите од Упатството, Јавниот повик, Проектната апликација и Буџетот на проектот.

Партнерите на проектот како и избраните добавувачи, консултанти и учесници во проектот мора да се придржуваат до Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со цел спречување на корупцијата и сродните појави во текот на спроведувањето на договорот.

Во случај на раскинување на Договорот за кофинансирање, МЕТ го задржува правото да побара од Водечкиот партнер да ги врати назад дел или сите добиени средства, во согласност со условите во договорот.

На секои три месеци, Водечкиот партнер треба да достави извештај за реализација на проектот и реализираните трошоци до МЕТ со придружна документација, следејќи ја предвидената динамика, како и завршен извештај за проектот.

МЕТ може да побара состанок и посета за да се запознае со текот на проектот.

Во согласност со Договорот за кофинансирање, Водечкиот партнер има обврска да отвори **наменска сметка за проектот.**

Во рок од 15 работни дена по склучувањето на Договорот за кофинансирање, Водечкиот партнер има обврска да ги уплати на наменската сметка дел од средствата од сопственото учество на партнерите на проектот предвидени за првиот квартал од спроведувањето на проектот и за тоа навремено го информира МЕТ..

МЕТ ќе води евиденција за сервисирање на обврските кои ги има Водечкиот партнер, како и за навремена уплата на сопственото учество по квартали согласно Договорот за кофинансирање.

**Набавка на стоки, услуги и работи**

Секоја набавка на добра и услуги Водечкиот партнер и партнерите на проектот ја прават во согласност со наведените прифатливи комерцијални практики. При спроведувањето на набавките предвидени во проектот, партнерите на проектот треба да ги земат предвид економската потреба, ефикасноста, транспарентноста и времетраењето на процедурата на набавка како и квалитетот на набавените добра и услуги.

За набавките кои надминуваат 10.000 (десет илјади) евра, Водечкиот партнер или партнерите на проектот треба да спроведат процедура со прибирање на минимум три понуди. Документацијата поврзана со спроведувањето на набавките треба да се достави до МЕТ во рамки на кварталните извештаи и Завршниот извештај. Во добро оправдани случаи, набавките може да се спроведат и без наведената процедура но само по претходно одобрување од страна на МЕТ.

**Транспарентност и комуникација со јавност**

Доколку Водечкиот партнер поседува веб-страница, должен е да објави кратка информација за финансиската поддршка обезбедена од МЕТ и други организации кои учествуваат во кофинансирање на проектот, доколку такви има.

Сите партнери кои се вклучени во проектот исто така треба да ги претставаат јавно изворите на финансирање на активностите.

Доколку Водечкиот партнер објавува или дава изјава за медиуми во врска со проектот должен е да ја спомне поддршката обезбедена од МЕТ и другите учесници во кофинансирањето (доколку има).

Доколку се објави научен труд, треба да се наведе дека проектот е финансиран од МЕТ.

**Промена на проектот и пренамена на средства од Буџетот на проектот**

Секоја промена на проектот треба да биде оправдана и во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати. Водечкиот партнер е должен трошоците во соработка со партнерите да ги реализира со динамика и во рамки на износите прикажани во буџетот на проектот.

Водечкиот партнер има право на пренамена на средства во рамки на буџетски ставки и помеѓу буџетски ставки во вкупен износ до 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот за целото времетраење на проектот во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати без посебно известување и барање до МЕТ.

Секоја промена на проектната апликација и буџетот на проектот (промени во планот на активности, клучните луѓе на проектот, пренамена на средства во износ повисок од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот, итн.) треба да биде претходно одобрено од страна на МЕТ врз основа на барање поднесено од страна на Водечкиот партнер со прилог ревидиран буџет на проектот.

Направените пренамени на средства, доколку ги има, треба да се наведат во кварталните извештаи и Завршниот извештај за проектот.

За сите средства кои не се наменски потрошени, за кои не се доставени докази или се потрошени во спротивност со законите и одредбите од Упатството и Јавниот повик, МЕТ го задржува правото од Водечкиот партнер да бара поврат на средствата.

**Чување на документација**

Водечкиот партнер треба да ја чува целокупната документација на проектот од започнување на спроведувањето на проектот што вклучува:

- сите официјални документи на комуникација помеѓу Водечкиот партнер и МЕТ во текот на периодот за аплицирање;
- известување за доделување средства;

- договор за доделување на средства;
- сите официјални документи во периодот на спроведување на проектот и за време на обврската за известување;
- оригинални примероци од извештаите доставени до МЕТ;
- известувања за одобрување на извештаите доставени до МЕТ;
- оригинални примероци од сите фактури и
- сите останати документи и вклучувајќи и договори со трети страни и други докази на плаќање поврзани со проектот.

Водечкиот партнер има обврска да ја чува документацијата најмалку 10 години по завршувањето на проектот.

Сите информации околу договорите и набавките поврзани со проектот треба да се достапни за увид на лица овластени од страна на МЕТ.

## 9. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ

### Цел и методи на следење и евалуација на резултатите на проекти

Целта на следењето и евалуацијата на резултатите од проектот е да се следи напредокот на проектот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и процедурите на МЕТ, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектот.

Методите на следењето и евалуацијата на резултатите од проектите вклучуваат: разгледување и одобрување на кварталните извештаи, разгледување и одобрување на Завршниот извештај поднесен од страна на Водечкиот апликант, теренски посети на Водечкиот партнер и/или партнерите на проектот и евалуација на остварените резултати од проектот.

Следењето и евалуацијата на резултатите на проектите го вршат тимови за следење формирани од МЕТ и/или стручни лица за ревизија назначени од МЕТ или надворешни лица за ревизија од овластени друштва за ревизија избрани со одлука на МЕТ во соодветна постапка.

Водечкиот партнер треба да достави:

- Квартални извештаи за работењето (описен дел и финансиски дел) и тоа во рок од 15 (петнаесет) дена по истекот на последниот календарски ден од првото тромесечиена спроведувањето на проектот.
- Завршен извештај (описен дел и финансиски дел) и тоа во рок од 30 (триесет) дена по истекот на последниот календарски ден од проектот, а во кој рок Водечкиот партнер исто така треба да ги изврши плаќањата за сите проектни активности спроведени заклучно со истекот на последниот ден од Договорот за кофинансирање;
- Докази за ефектите и промотивните активности

Кварталните извештаи и Завршниот извештај се пополнуваат во обрасци изготвени од страна на МЕ, а се доставуваат од страна на Водечкиот партнер;

Извештаите ги разгледува комисија составена од лица од МЕТ и/или стручни лица за ревизија назначени од МЕТ. Во случај на идентификувани неправилности во известувањето кои можат да се корегираат, МЕТ го известува Водечкиот партнер за идентификуваните неправилности со барање да ги отстрани и да поднесе ревидиран извештај.

Во случај извештаите да се соодветно пополнети и доставени, МЕТ ги одобрува извештаите и одобрувањето го доставува до Водечкиот партнер.

Лицето или тимот за следење има право од Водечкиот партнер да побара дополнителни информации и документи поврзани со извештаите, како и да изврши најавена теренска посета со цел проверка на доставените информации.

Извештаите од партнерите, се дел од групниот извештај за проектот за ефектот од проектот на секој партнер индивидуално.

Министерството за економија и труд документацијата поврзана со имплементацијата на јавниот повик ја чува 10 години.

**Теренски посети**

МЕТ може да врши надзор над спроведувањето на проектот и преку теренски посети на партнерите на проектот.

Теренските посети ги вршат лица/тимови за следење и/или стручни лица за ревизија назначени од Министерот за економија и труд. На теренските посети може да присуствуваат и претставници на Комисијата за оценување како и претставници на организациите кои учествувале во кофинансирањето на проектите, доколку има.

Теренските посети вклучуваат посета на деловните простории на партнерите на проектот и средба со клучните луѓе на проектот со цел надзор над спроведувањето на проектот (пр. придржување кон процедурите, постигнување на предвидените резултати, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите на Договорот за кофинансирање, итн.). Партнерите на проектот се должни да обезбедат услови за спроведување на надзор и теренски посети од страна на Министерството за економија и труд, во своите простории.

Теренската посета ќе биде најавена. Известувањето за спроведување на теренска посета се доставува најмалку 3 (три) дена пред спроведувањето на посетата. По потреба, МЕТ може да изврши и ненајавена теренска посета.

За извршената теренска посета се составува извештај од спроведената теренеска посета во кој се внесуваат податоци за посетата, лицата кои присуствувале на теренската посета, документацијата која е проверена, забелешките кои се констатирани од теренската посета, идентификувани неправилности, насоките и роковите за отстранување на евентуалните неправилности и друго. До Водечкиот партнер се доставува извештај од спроведената теренска посета. Во случај на констатирани неправилности, Водечкиот партнер е должен да преземе мерки во согласност со насоките и роковите наведени во известувањето.

**Постапување во случај на утврдени неправилности**

Во текот на спроведувањето на проектите, покрај лицето и тимовите назначени од страна на Министерот за економија и труд кои се вработени во МЕТ, во следењето може да се вклучат и надворешни стручни лица за ревизија.

Стручното лице за ревизија е должно да ја разгледа проектната документација, да изврши теренски посети кај партнерите на проектот и да достави извештај и стручно мислење до МЕТ во рок од 14 работни дена од денот на добивање на документацијата.

**Соработка на Водечкиот партнер со МЕТ**

Водечкиот партнер е должен да се придржува кон процедурите и да му овозможи на МЕТ и стручните лица да вршат лесно следење и евалуација над спроведувањето на проектот.

Водечкиот партнер е должен да му овозможи на МЕТ или на лица овластени од МЕТ во секое време да извршат анализа на спроведувањето на проектот, на неговите активности и остварени резултати, како и да извршат ревизија на целокупната проектна и финансиска документација. Водечкиот партнер на барање на МЕТ треба да ги подготви и достави сите релевантни документи поврзани со проектот.

**Права и обврски поврзани со резултатите од проектот**

Партнерите на проектот ќе ги поседуваат резултатите од проектот коишто ќе ги создадат во согласност со Договорот за партерство.

**Обврски во случај на престанок на партнер на проектот**

Во случај на планирано престанување (ликвидација) на партнер на проектот или ако е поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против партнер на проектот (во случаи кога е ова апликативно), Водечкиот партнер доставува известување до МЕТ. Водечкиот партнер писмено го известува МЕТ за планираниот престанок односно почнувањето на стечајна постапка во рок од 10 (десет) дена од дознавањето за таквиот предлог.

Ваквата обврска на Водечкиот партнер трае во периодот од склучувањето на Договорот за кофинансирање помеѓу МЕТ и Водечкиот партнер сè до исполнување на сите обврски кон МЕТ согласно Договорот за кофинансирање.

Доколку партнер на проектот отпочне стечајна постапка без претходно и во определениот рок Водечкиот партнер да го извести МЕТ за поднесен предлог за прекин односно поведување на стечајна постапка, МЕТ може да бара од Водечкиот партнер да биде вратен целиот износ или дел од износот на доделени средства.

**Промени на сопственичката структура и статусни промени**

Доколку во периодот од склучувањето на договорот за кофинансирање помеѓу МЕТ и Водечкиот партнер сè до исполнување на сите обврски кон МЕТ согласно договорот за кофинансирање, се спроведе **промена на сопственост на капиталот** кај Водечкиот партнер, истиот е обврзан во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на уписот на таквата промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија да го извести МЕТ за настанатата промена.

Во случај на **планирана статусна промена** кај Водечкиот партнер, истиот е должен да поднесе известување до МЕТ за да може да се спроведе таквата планирана промена. По ова барање МЕТ е должен да донесе одлука во најкраток можен рок. Ваквата планирана промена не смее да се спроведе без одлука со која МЕТ дава претходно одобрение за истата.

Доколку МЕТ одобрило планираната статусна промена, новиот сопственик на Водечкиот партнер, односно правниот следбеник е должен во рок од петнаесет (15) дена по уписот на статусната промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија да склучи со МЕТ анекс на Договорот за кофинансирање со кој ги презема правата и обврските од истиот.

Доколку се спроведе статусна промена кај некој од партнерите без претходно информирање и одобрение од МЕТ, МЕТ го задржува правото да бара од Водечкиот партнер да го врати целиот износ или дел од износот на доделени средства.

**Раскинување на договор за кофинансирање**

МЕТ може да го раскине Договорот за кофинансирање врз основа на барање на било кој од партнерите на проектот или тимот за следење, доколку поради неизбежна пречка од технички или пазарен аспект се доведат во прашање идните резултати на проектот.

Во таков случај, МЕТ ќе побара од Водечкиот партнер да достави документација до МЕТ и да побара престанок на проектот. Врз основа на доставените докази, МЕТ ќе утврди дали навистина постои неизбежна пречка која ги доведува во прашање идните резултати од проектот и ќе донесе соодветна одлука. Во случај на оправданост на доставените докази, Водечкиот партнер нема да биде обврзан да ги врати доделените средства.

Во случај на раскинување на договорот МЕТ го задржува правото да бара поврат на целиот или дел од износот исплатен од МЕТ на Водечкиот партнер.